# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ОКТОМВРИ 2024 г.





**Завршен настан од проектот „Млади екоинспектори“ реализиран од програмата „Еразмус плус“**

Проектните партнери КЈП „Водовод“ – Кочани, СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани и Здружението за поддршка на економски развој – ЛАГ од Кочани, го организираа завршниот настан за дисеминација на проектните резултати во рамките на проектот „Имплементација на едукативен пристап базиран на активности во справување со предизвиците од загадување на урбан воздух и вода – Млади екоинспектори“, реализиран со финансиски средства од ЕУ-програмата „Еразмус плус“.

Настанот го отвори градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој го истакна значењето на едукацијата на младите за животната средина.

На завршниот настан беа презентирани проектните резултати од истражувањата на водата и воздухот во трите општини Кочани, Лариса во Грција и Пазарџик во Бугарија.



**Доделени наградите и признанијата на кочанските учесници на меѓународниот ликовен конкурс во Кина**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов ги додели признанијата и наградите на творците на најуспешните цртежи на меѓународниот ликовен натпревар во Република Кина на тема: Повик за глобален мир на планетата Земја.

Лилјана Арсова, советник за образование во Општина Кочани соопшти дека на меѓународниот натпревар за сликање на млади 2023 година – Јангцу, Кочани зеде учество со 18 ученици и петмина ментори, кои освоија три





трети, една втора и една трета награда.

Првата награда ја освои цртежот на Ведрана Лазарова, ученичка во Училиштето за цртање и сликање при ЦК „Бели мугри“, под менторство на Александра Димитрова, второнаграден е цртежот на Ангела Данилова од ОУ „Св. Кирил и Методиј“, под менторство на Марија Мицова Гацова, а трети награди добија: Драгана Филипова и Мила Захариева од Училиштето за цртање и сликање при ЦК „Бели мугри“ и Стефанија Атанасова од ОУ „Малина Попиванова“, под менторство на Викторија Митева.

– Ви честитам за вашиот труд и желба да создавате и да го афирмирате пријателството што постои долги години меѓу Кина и Македонија, односно меѓу збратимените градови Кочани и Вуши. Овој начин на соработка нека придонесе за нејзино проширување со нови форми, а за вас нека биде мотив за нови успеси – истакна градоначалникот Папазов пред присутните.
На ликовниот натпревар учествувале 2000 училишта во Јангцу, Република Кина и над 100 градови и партнери од 50 земји ширум светот.







**Општинската организација на Црвен крст – Кочани доби нови простории**

Црвениот крст – Кочани се пресели во нови простории. Во центарот на градот, кај Градскиот плоштад, на улицата „Тошо Арсов“ бр. 1, кочанскиот Црвен крст обезбеди сопствен простор за работа, со површина од 130 метри квадратни.

На свеченоста по повод отворањето присуствуваше генералниот секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија Саит Саити, секретарот на Општина Кочани Драган Ананиев, градоначалници од регионов, соработници, волонтери и вработени лица во Црвен крст.

Новите работни простории за Општинската организација на Црвен крст се одговор на потребата од обезбедување услови за различни хуманитарни услуги за потребите на заедницата. Просториите на старата локација на улицата „Доктор Николиќ“, каде што општинската организација работеше близу четири децении, ќе служат за реализација на крводарителски акции.

Новиот работен простор е обезбеден со поддршка од Централната канцеларија на Црвен крст и општинските организации на Црвен крст, како и со поддршка од локалната заедница.

Црвената лента, како чин на официјално отворање, ја пресекоа генералниот секретар Саит Саити, претседателот и секретарот на Општинската организација на Црвен крст

| | |
|---|---|
| | – Кочани Дејанчо Арсов и Анета Коцева. |
| <br> | **Рана детекција и превенција на деца од предучилишна возраст – тема на предавање по повод Неделата на детето**<br><br>Во салата на Мултикултурниот центар во Кочани се одржа предавање на тема „Рана детекција и превенција на деца од предучилишна возраст“.<br><br>По повод Неделата на детето, предавањето го организираше Општина Кочани во соработка со ЈОУ Детска градинка „Павлина Велјанова“ од Кочани. Целта на предавањето беше да се детектираат раните знаци на аномалии кај децата од предучилишна возраст со цел да се превенираат. Идејата вакво предавање да влезе во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2024 година, произлезе од постојаното укажување на големиот број деца со нетипичен развој во градинките и тешкотиите да им се соопшти на родителите потребата да се работи со нив во периодот кога најлесно може да се добијат резултати, а тоа се првите три години од развојот на детето.<br><br>Предавачи беа Марија Хаџиева Митевска од Кочани, специјален едукатор и рехабилитатор и Ирина Лозана од Скопје, тренер и едукатор за родители и деца со нетипичен развој, воедно и мајка на дете со аутизам.<br><br>Хаџиева Митевска укажа на штетноста од употребата на уредите со екрани и големата потреба од игра на децата во предучилишната возраст, наведувајќи на кој начин да се работи со нив, додека Ирина Лозана го опиша личното искуство на дете со попреченост и потребата од смирение и спокој на родителот откако ќе се соочи со дијагнозата. Лозана говореше и за важноста на родителот за развојот на детето во секоја животна фаза, како и за состојбите пред поставувањето на дијагнозата.<br><br>Предавањето го следеа родители, воспитувачи и негуватели во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“. |
|  | **Обука за професионален развој за предучилишно инклузивно образование**<br><br>Стручните служби и воспитувачите од предучилишните установи од регионот го завршија првиот циклус од обуката за стекнување знаења и компетенции за предучилишно инклузивно образование.<br><br>Во организација на Проектната единица при Министерството за социјална политика, присутните имаа можност да ги следат предавањата и искуствата од хрватскиот експерт Дарко Кобетиќ на тема „Инклузија и |



средина за учење“.

Обуката ја следеа стручни и воспитни кадри од градинките во Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица, Виница, Кочани, Зрновци и Чешиново-Облешево.











**Со паметно улично осветлување во Кочани до заштеда на енергија и побезбедни улици за граѓаните**

Општина Кочани воспостави модерен паметен систем за управување со јавното осветлување кој придонесува за значителна заштеда на електрична енергија и побезбедни јавни простори за граѓаните. Станува збор за прв ваков систем во државата, составен од лед-светилки и сензори што овозможуваат приспособување на интензитетот на светлина во зависност од временските услови и движењето на возилата и пешаците. Паметните уреди (сензори) се поставени во 69 контролни кутии за улично осветлување, а согласно проценките, годишните заштеди на електрична енергија од овој систем ќе изнесуваат околу 95 MWh.

– Со овој модерен систем веќе се постигнати заштеди од над 15 отсто. Освен тоа, со анализа на извештаите на платформата, можеме да организираме превентивно одржување, да спречиме кражба на електрична енергија, да ги предвидиме трошоците за електрична енергија и да резервираме соодветно количество енергија од операторот, со што ќе постигнеме подобра цена по kWh. Исто така, овој проект придонесува за заштита на животната средина преку подобрување на квалитетот на воздухот заради намалените емисии на стакленички гасови и јаглерод диоксид – истакна градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов на завршниот настан од проектот „Паметно мерење и управување на енергијата во системот за јавно осветлување“ што изминативе 12 месеци се реализираше на подрачјето на Кочани.

Општина Кочани ја спроведе оваа активност во рамки на проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција“, преку кој 10 општини од Западен Балкан имплементираа иницијативи во областа на за енергетиката, транспортот и климатските промени. Овој проект е кофинансиран од Европската Унија и од Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ), а го имплементира Германското друштво за интернационална соработка (GIZ).

| | |
|---|---|
| | – Вчера во Хамбург се одржа првата министерска средба за Зелената агенда за Западен Балкан. Денеска, тука во Кочани сме сведоци како нашите заеднички заложби прераснаа во конкретна акција. Општините се двигатели на праведна и одржлива енергетска транзиција. Општина Кочани, во рамки на Пактот на градоначалници, демонстрираше одржлив ангажман. Граѓаните на Кочани имаат придобивки од овој напреден систем за јавно осветлување. Ваквиот тип паметни решенија што ја зајакнуваат климатската отпорност имаат огромно значење за сите нас, но и за идните генерации“, рече Петра Дрекслер, амбасадорка на Сојузна Република Германија во Северна Македонија.<br><br>„Овој паметен систем за јавно осветлување е клучна пресвртница во програмата ЕУ за енергетска транзиција и иницијативата: Пакт на градоначалниците, поддржана од TeamEurope. Општините играат клучна улога во транзицијата кон зелената енергија на глобално ниво. Економските и индустриските активности во голема мера се одвиваат во градовите, а како што тие се шират, така се зголемува и побарувачката за енергија. Иновативните решенија како овој систем ќе го намалат искористувањето на нашите ресурси и ќе ги ублажат климатските промени. Мораме да ја намалиме побарувачката на енергија, да ја зголемиме енергетската ефикасност и да користиме обновливи извори на енергија – рече Бен Нупнау, заменик-амбасадор на Делегацијата на ЕУ.<br><br>Проектот „ЕУ за енергетска транзиција: Пакт на градоначалници во Западен Балкан и Турција“ обезбедува техничка поддршка, зголемување на капацитетите, можности за вмрежување и поддршка на мали проекти во насока на развој, имплементација и мониторинг на Планот за одржлива енергија и климатска акција (SECAP). |
|  | **Недела на детето: Кочанските првачиња се зачленија во Детската организација**<br><br>280 првачиња од Кочани се вклучија во одбележувањето на Детската недела 2024, станувајќи членови на Детската организација.<br><br>Во организација на Општина Кочани тие го следеа настанот во кој беа вклучени сите кочански основни училишта, координиран од ОУ „Св. Кирил и Методиј“ – Кочани.<br><br>Свечениот чин за првачињата го поздрави градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, |

| | |
|---|---|
|  | посакувајќи им да се дружат, да се запознаваат да учат да ги остваруваат своите права и да имаат среќно и безгрижно детство.<br><br>Неделата на детето, годинава се одбележува под мотото „Правата на детето – безбеден чекор кон среќно детство“. Натамошните активности во рамките на одбележувањето на Неделата на детето се реализираат во самите училишта преку организирање на учениците и ученичките заедници. |
| <br> | **Честит 11 Октомври – Денот на македонското востание!**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов упати честитка по повод Денот на македонското востание – 11 Октомври.<br><br>– 11 Октомври е важен мeѓник во борбата за самобитност и самостојност на македонскиот народ. Слободарското движење ја стави Македонија на страната на прогресивното човештво, а против фашизмот како најтемна идеологија во современата историја. Со својата вооружена борба против окупаторот, Македонија даде значаен придонес во победата над фашизмот во Втората светска војна. Слава им на борците што ги подарија своите животи за Татковината и за слободата, 11 Октомври е вечен паметник за нив – се вели во честитката од градоначалникот Папазов<br>.<br>По повод 83-годишнината од почетокот на македонското востание, општински делегации ќе положат свежо цвеќе на споменици во Кочани. |
| <br> | **Средба на градоначалникот на Општина Кочани со делегација од германскиот град Кастроп Рауксел**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов ја прими делегацијата од германскиот град Кастроп Рауксел, со кој Општина Кочани заеднички подготвува проект за ревитализација на речното корито на дел од Кочанска Река.<br><br>Исто така, двата тима работат и на проект за подготовка на Мастер-план за економски развој на Кочани со искористување на геотермалниот потенцијал. |

| | |
|---|---|
|  | **Се обновува оштетената патна инфраструктура на Пониква**<br><br>Подобрена е состојбата на патот на локалитетот Пониква што го поврзува паркингот пред одморалиштето на МВР и манастирот „Св. Василиј Велики“.<br><br>Според договорот што Општина Кочани го има со економскиот оператор „Коле транс“ од Штип, деновиве се закрпени дупките на патот што води кон општинскиот објект „Инфо-центар“ и неколку угостителски и хотелски капацитети на Пониква.<br><br>Градежните интервенции се извршени во должина од 150 м. |
| <br><br> | **Граѓани на Кочани со предлози учествуваа на јавната расправа за креирање на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година**<br><br>Во салата на Мултикултурниот центар во Кочани, се одржа јавна расправа за прибирање предлози од граѓаните за креирање на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година.<br><br>На консултативната средба, граѓани, претставници на урбани и месни заедници и на институции говореа за потреби за реализација на инфраструктурни проекти: водоводна, атмосферска и фекална канализација, општински патишта и улици, јавно осветлување и предлози од други надлежности на единицата на локалната самоуправа определени со закон. Беа истакнати потребите од изградба на Старечки дом, катна гаража, ново решение за Градскиот пазар, изградба на јужен булевар и на пристапни улици.<br><br>Секретарот на Општина Кочани Драган Ананиев го истакна значењето на учеството на граѓаните во креирање на Буџетот за следната година и изрази благодарност за соработката.<br><br>До 18 октомври граѓаните своите писмени предлози можат да ги достават и во електронска форма на е-адресата: info@kocani.gov.mk или преку Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани (со назнака: за јавен повик за предлог-проекти за развојни програми од делот на инфраструктурата, комунални работи, урбанистичко планирање и сл.), додека предлозите од областа на спортот, културата, социјалната заштита и сл. можат да се доставаат најдоцна до 20 ноември 2024 година. |



**Рехабилитиран дел од улицата „АСНОМ“ во Кочани**

Дел од улицата „АСНОМ“, во централното градско подрачје на Кочани, доби нов асфалтен слој.

Стручните служби информираат дека е поправен е потег којшто беше во лоша состојба, во должина од 64 м.

Изведувач на работите е градежната фирма „Стоименов“ од Кочани.

Средствата во износ од 300.000 денари се од Буџетот на Општина Кочани.







**Општина Кочани – во групата на најотворени единици на локалната самоуправа во државата**

Општина Кочани спаѓа во групата на најотворени единици на локалната самоуправа во државата, според истражувањето што го спроведе Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“ во партнерство со Рурална коалиција, а со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас.

Истражувањето е засновано врз Индексот на отвореност, а целта е да го утврди степенот до кој се почитуваат начелата на доброто владеење на локалната власт во Република Северна Македонија. Индексот на отвореност на Општина Кочани е 55 %.

Индексот на отвореност ги оценува перформансите на општините во областа на доброто владеење преку четири начела: транспарентност, свесност, пристапност и интегритет.

Резултатите од истражувањето беа претставени на тематскиот форум „Вклучена заедница за отпорност на корупција“ што се одржа во Скопје, на кој секретарот на Општина Кочани Драган Ананиев говореше за предностите на дигиталната алатка мЗаедница, што Општина Кочани со поддршка од Центарот за социјални иновации ја користи за двонасочна комуникација со граѓаните.

На тематскиот форум „Вклучена заедница за отпорност на корупција“, се дискутираше за добрите практики и предизвиците за потранспарентна локална самоуправа, со цел зголемување на довербата на граѓаните и искоренување на корупцијата.



**Рехабилитација на железничкиот премин кај Подлог**

Општина Кочани ги започна подготвителните градежни работи на железничкиот премин кај Подлог. Горниот строј на пругата Велес – Кочани, на патниот премин „Подлог“ ќе се рехабилитира и ќе се прошири со цел да се олесни минувањето на возилата, да се зголеми безбедноста и да се забрза протокот на сообраќајот.

Претходно се модернизираа премините преку железничката пруга кај Основниот суд на ул. „Никола Карев“ и кај Ветеринарната станица, на дел од ул. „Лазар Андонов“ во Кочани.





**„Графити фест 2024“: Дела на млади уметници на паркингот кај Споменикот на слободата во Кочани**

Викендов на потпорниот ѕид на паркингот кај Споменикот на слободата во Кочани, млади артисти од Кочани, Куманово и Скопје изработуваа графити.

Настанот насловен „Графити фест 2024“ беше во организација на „Act Different“ и Здружението за ликовна уметност „Форма“ – Куманово, а со поддршка на Програмата за култура на Општина Кочани.

Преку овој настан што ја промовира уличната уметност и со делата изработени од младите уметници, овој дел од градот прерасна во убаво уметничко и модерно место.





**Презентација на електричен автобус како можност за еколошки јавен превоз во Кочани**

Општина Кочани ѝ овозможи на „Аутомакедонија“ да направи презентација на електричен автобус, како превозно средство за организирање еколошки јавен превоз.

– Имаме практична презентација на целосно електричен автобус Novociti VOLT, со цел граѓаните и општината да добијат претстава за можностите кои овој еколошки автобус ги нуди во организирањето на јавниот превоз, како и да се запознаат со неговите главни предности. Тоа е возило што не загадува, односно нема емисии на штетни гасови, овозможува комфорно и модерно возење, без бучава и без вибрации, а неговите компактни димензии го прават лесен за примена дури и во најурбаните градски средини – изјави Билјана Јанчовска од „Аутомакедонија“.

– Презентацијата на електричниот автобус е во рамките на

| | |
|---|---|
|  | напорите за обезбедување здрава животна средина. Општината, граѓаните и операторите имаат можност „од прва рака“ да се уверат во можностите што ги нуди овој еколошки автобус во организирањето на урбаниот транспорт – изјави градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов.<br><br>Општина Кочани во своето стратегиско планирање ќе бара можности за обезбедување средства за организирање еколошки јавен превоз. |
| <br><br> | **Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го честита 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба**<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов упатува честитка до граѓаните по повод 23 Октомври – Денот на македонската револуционерна борба:<br><br>– Основањето на Македонската револуционерна организација означува почеток на организираното револуционерно движење на македонскиот народ за стекнување сопствена, независна држава Македонија. Овој датум е повод да им оддадеме почит на сите што низ вековите се бореа и го дадоа својот живот за слободата на македонскиот народ. Денот на македонската револуционерна борба е симбол на македонскиот непокор, повик да го чуваме нашиот идентитет, нашето културно и духовно наследство. Нека е честит Денот на македонската револуционерна борба – се вели во честитката од Папазов.<br><br>По повод државниот празник општински делегации ќе положат свежо цвеќе на Споменикот на слободата во Кочани, на бистите на Љупчо Сантов и Раде Кратовче и на споменикот на Никола Карев во Паркот на Револуцијата во Кочани. |
| <br><br> | **Рехабилитација на дел од улицата „Илинденска“ во Кочани**<br><br>На дел од улицата „Илинденска“ во Кочани се поставува нов асфалтен слој.<br><br>Според стручните служби се рехабилитира потег во должина од околу 200 м.<br><br>Изведувач на работите е градежната фирма „Стоименов“ од Кочани.<br><br>Средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани. |





**Градската депонија во Кочани интензивно се расчистува – се подготвува за третман со алги**

Механизацијата на „Бехтел и Енка“ и на фирмата „Калина“, ангажирана од Општина Кочани, работи интензивно на средување на состојбата на Градската депонија во Кочани.

Службите известуваат дека се искористени 900 тони земја за мешање со заостанатите количини отпад. Работите се насочени кон подготовка на теренот на депонијата за третман со алги.

По доведувањето на ѓубриштето во состојба поволна за примена на природен третман на согорување, Комуналното јавно претпријатие „Водовод“ ќе го повика економскиот оператор избран на тендер да ја спроведе договорената мерка што ќе го спречи натамошното аерозагадување.

Конзорциумот „Бехтел и Енка“ одговори позитивно на упатениот повик од Општина Кочани до општествено одговорни компании за итна интервенција со механизација којашто ќе ја спречи еколошката катастрофа што му се закануваше на Кочани.

Работите ќе продолжат сè додека целосно не се врати во нормала функционирањето на Градската депонија во Кочани.





**Потпишан договорот за реконструкција на дел од булеварот „Тодосија Паунов“ – источен влез во Кочани**

Во Владата на РС Македонија, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го потпиша договорот од првата транша финансиски средства во вкупен износ од 250 милиони евра наменети за капитални проекти во општините.

Владата одобри 89 милиони денари за Општина Кочани за реконструкција на дел од булеварот „Тодосија Паунов“ од спојот со улицата „Киро Кикенски“ до почетокот на разделното зеленило кај СОУ „Гошо Викентиев“, во должина од 1.000 метри. Проектот за уредување на источниот влез во Кочани вклучува и изградба на потпорни ѕидови. Во финансиската конструкција на овој проект Општина Кочани учествува со 3,5 милиони денари сопствени средства.

Согласно првиот повик што го објави Министерството за локална самоуправа Општина Кочани влегува во договорите за 274 проекти во вкупна вредност од околу 4,1

милијарди денари.

На потпишувањето на договорите беше истакнато дека ова е историски најголема инвестиција на централната власт за локалните самоуправи, а јавните повици ќе продолжат сè до целосно искористување на предвидените 250 милиони евра.





**Градоначалниците на Кочани, Виница и Зрновци со заеднички предлози за депонирањето на комуналниот отпад и решавањето на состојбата со Градската депонија во Кочани**

Изнаоѓањето решенија за проблемите поврзани со функционирањето на Градската депонија во Кочани беше единствената точка на дневниот ред на состанокот што го одржа градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов со градоначалниците на соседните општини Виница и Зрновци, Миле Петков и Борчо Коцев и со директорите на комуналните претпријатија.

Општина Кочани побара од соседните општини да го стопираат дотурот на комуналниот отпад на Градската депонија во Кочани, сè до моментот на создавање услови за нејзино нормално функционирање, односно влегување на механизацијата на фирмата „Ескаваторе“, избран оператор за проектот за воспоставување Регионален систем за управување со отпад од Министерството за животна средина, Министерството за финансии и програмата ИПА 2 на Европската Унија и работа во насока на затворање на Градската депонија во Кочани.

Исто така, Општина Кочани побара од соседните општини во меѓувреме да изнајдат сопствени локации на кои, со одобрение на Министерството за животна средина ќе може да се депонира отпадот што се создава на нивната територија.

Општините Виница и Зрновци предложија, по нормализирањето на работата на Градската депонија во Кочани, да учествуваат со финансиски средства за обезбедување 24-часовна чуварска служба, како и за обезбедување механизација и фирма за одржување на депонијата.

Општина Кочани бара од Министерството за животна средина кофинансирање за одржување во функција на Градската депонија во Кочани, поради неможноста КЈП „Водовод“ – Кочани да се справи со дополнително наметнатите финансиски трошоци произлезени од проектот за воспоставување Регионален систем за управување со отпад.

По предлозите и заклучоците од состанокот треба да се

произнесе и Министерството за животна средина, сè со цел да не дојде до загрозување и прекинување на реализацијата на европскиот проект за управување со отпад.







**Започна природниот третман на Градска депонија во Кочани**

Попладнево, економскиот оператор избран на тендер, „ЕМ Агрицом“од Неготино, го започна третманот со алги и микроогранизами на Градската депонија во Кочани.

Природниот третман на ѓубриштето се спроведува петти ден од почетокот на механичките работи на општествено одговорната компанија „Бехтел и Енка“, кои Градската депонија во Кочани ја израмнија, ги исчистија постојните пристапни патишта и пробија нови за дотур на следните количини од комуналниот отпад. Изгледот на депонијата е променет и таа е целосно подготвена за примена на природниот третман со алги и микроорганизми.

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов информира дека Општина Кочани постапи според барањата на граѓанските здруженија коишто го блокираат патот кон Градската депонија, истакнувајќи дека се создадени сите услови за исполнување и на заклучоците од последната седница на Советот на Општина Кочани.

Со писмен допис до Општина Кочани, Здружението „Грин.орг“ ја извести Општина Кочани дека нивните активисти ја напуштаат блокадата и дека ќе побараат измени во одлуките на Владата за депонирање на отпадот од другите општини на Градската депонија во Кочани.

Општина Кочани упати писмено известување со заклучоците од вчерашната средба на градоначалниците на општините Кочани, Виница и Зрновци до Министерството за животна средина и други надлежни институции, со цел итно да се одговори на потребите за нормално функционирање на депонија од Кочани.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ



**Советот на Општина Кочани ја одржа 53. седница**

На 28 октомври 2024 година, Советот на Општина Кочани ја одржа 53. седница ќиј предлог-дневен ред беше дополнет со Информација за состојбата на Градската депонија во Кочани. По дискусијата, Советот едногласно усвои пет заклучоци: да се ангажира соодветно приватно





обезбедување на Градската депонија, а стражарската служба на КЈП „Водовод“ да остане и понатаму да си ја врши работата; да се постави заштитна ограда на Градската депонија; да почне постапка за јавна набавка за да се ангажира оператор кој ќе го третира (распоредува и потрупува) отпадот на Градската депонија; во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година да се планираат средства за набавка на соодветно возило за третман на отпадот на депонијата и сите општини кои својот комунален отпад го транспортираат во Кочани во своите буџети за 2025 година да предвидат финансиски средства за третман на отпадот на депонијата во Кочани.

На 53. седница беше усвоен ребалансот на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година, како и: Планот за изменување на Планот на програми за развој на општина Кочани за периодот 2024 – 2026 година; Програмата за изменување и дополнување на Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2024 година; Програмата за изменување на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило, набавка, поставување и одржување урбана опрема, одржување на детски игралишта и одржување на фонтаната „Зрно“ за 2024 година; Програмата за изменување на Програмата за изградба на јавно осветлување; Програмата за изменување и дополнување на Програмата за тековно одржување на јавно осветлување во 2024 година; Програмата за изменување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Кочани за 2024 година; Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици; Програмата за изменување на Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација; Програмата за изменување на Програмата за изградба на системи за водоснабдување; Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Кочани и Програмата за изменување и дополнување на Програмата за сообраќај за 2024 година.

Советот даде позитивно мислење за програмите за изведување ученички екскурзии и излети и други вонучилишни активности за учебната 2024/25 година на ОУ „Свети Кирил и Методиј“ – Кочани.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**